ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 13 – 119/13**

**Дата:** 25. 10. 2012

**ДО**
**ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Државно правобранителство на Република Македонија (во понатамошниот текст Државно правобранителство) на сметка на основен буџет (631) за 2011 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Државно правобранителство за 2006 година и изразено е негативно мислење за вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатот од финансиските активности и мислење со резерва за законско и наменско користење на средствата.

Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека Државното правобранителство во најголем дел превземало мерки за дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

За финансиските извештаи на Државно правобранителство за 2011 година изразивме квалификувано мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законската регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме одредени состојби кои не се во согласност со одредбите на законските, подзаконските и интерните акти на Државно правобранителство а пред се во делот на:

- недоследности во системот на контроли во процесот на доделувањето на договорите за јавни набавки како и во системот на контроли кај процесот на набавки и плаќања;

- недоследности во начинот на потврдување на доспеаните неизмирени обврски и нивно соодветно презентирање во финансиските извештаи;
- несоодветно постапување во делот на наплата на трошоците за застапување од страна на државниот правобранител и воспоставените односи помеѓу Државното правобранителство и извршителите;
- остварување на приходи кои се приход на Буџетот на Република Македонија;
- несоодветно постапување и одредени слабости во делот на доделувањето на јавните набавки.

Раководителот на субјектот потребно е да ги превземе потребните мерки и активности за надминување на утврдените состојби.

Државниот правобранител на Република Македонија на ден 04.10.2012 година достави забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година (сметка на основен буџет 631), кои по својата содржина преставуваат известување за превземените мерки по дадените препораки на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 16 до 17 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (631) на Државно правобранителство, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2011 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2006 година на Државно правобранителство и е изразено негативно мислење за вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатот од финансиските активности и мислење со резерва за законско и наменско користење на средствата.
Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државно правобранителство за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Оливера Китанова - Мицевска, државен правобранител на Република Македонија

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Државно правобранителство се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во

околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 14.05.2012 до 22.06.2012 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата за 2006 година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфаќа ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2006 година. Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека Државното правобранителство во најголем дел превземало мерки за дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор (Преглед 1).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Државното правобранителство, одржан на ден 12 јули 2012 година.

На ден 04.10.2012 година со писмо ДП бр. 02-477/11-2 примени се забелешки/известување по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 13-119/8 од 05.09.2012 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите по својата содржина претставуваат известување за превземените мерки по дадените препораки на овластениот државен ревизор.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог на Конечниот извештај.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на доделувањето на договорите за јавни набавки и следење на нивната реализација, констатирано е дека не се воспоставени соодветни контролни системи и постапки, со што се создава ризик од недоследно почитување на законските и подзаконските акти во делот на јавните набавки, набавка на производи и услуги по најповолни цени и услови и соодветно користење на средствата, што не е во согласност со Законот за јавни набавки и праксата на добро управување.

Ваквата состојба предизвикува во известувачкиот период да се констатираат следните состојби:

- отсуство на пишани процедури со јасно дефинирани надлежности и одговорности на вработените вклучени во процесот на јавни набавки;
- нема определено лице или организациски облик за вршење на работите поврзани со подготовка и спроведување на постапките за доделување на договорите за јавна набавка и реализација на истите;
- несоодветно планирање и обезбедување на средства за јавните набавки;
- спроведување на постапки за јавна набавка и склучување на договори за јавна набавка пред да биде донесен планот за јавни набавки и финансискиот план;
- непрецизно наведени критериуми за избор на економски најповолна понуда, поради што евалуацијата и изборот на економски најповолната понуда не се прави согласно Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови;
- не се спроведуваат постапки за доделување на договор за јавна набавка на некои видови производи и услуги;
- не е воспоставено следење на месечно ниво на набавките до 500 евра во денарска противвредност без ДДВ[1];
- воспоставена е пракса да се заведува само одлуката за јавна набавка во уписникот „ДП"[2] а останатите документи, кои се потпишани од Државниот правобранител на Република Македонија и се составен дел на досието за јавна набавка (одлука за избор на најповолна понуда и договор за јавна набавка), имаат деловоден печат со ист „ДП" број и различни датуми, без да бидат хронолошки заведени. Останатите документи од досието за јавна набавка (покани за доставување на понуда, записник, извештај со предлог за избор на најповолна понуда, известувања до понудувачите итн.) кои се потпишуваат од претседателот на комисијата за јавни набавки имаат деловоден печат и носат ист „ЈН" број со различни датуми, без да бидат хронолошки заведени[3].

Утврдените состојби имаат за последица можност од необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминирачка положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките и несоодветно користење на буџетските средства.

Во текот на известувачкиот период раководителот на субјектот превземал извесни мерки за надминување на дел од утврдените состојби и тоа: реализирано е вработување на едно лице помлад соработник за јавни

[1] По укажување на ревизијата, Државното правобранителство во текот на 2012 година воспостави следење на месечно ниво на набавките до 500 евра во денарска протввредност без ДДВ;

[2] Согласно Упатството за уписниците и стручните книги што се водат во Државното правобранителство на Република Македонија ДП бр.03-361/08 од 16.07.2008 година, во уписникот „ДП" се заведуваат предметите од надлежност на Државниот правобранител;

[3] Со дополнување на погоре наведеното Упатство ДП бр.03-361/08-2 од 19.03.2009 година воведен е уписник „ЈН" во кој се заведуваат предмети кои се однесуваат на набавките за потребите на правобранителската функција;

набавки, почнувајќи од декември 2011 година и донесени се интерни акти Процес на јавни набавки[4] и Упатство за јавни набавки [5] со цел утврдување на начинот и постапката за спроведување на јавните набавки согласно законската регулатива, кои немало можност да бидат применети при спроведувањето на постапките за доделување на договор за јавни набавки во 2011 година[6].

Во текот на вршење на ревизијата презентирани се два нови интерни акти Процес на јавни набавки[7] кои се донесени на 16.07.2012 година.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да превземе мерки за донесување/усвојување, воспоставување и имплементација на контролни постапки во доделувањето на договорите за јавни набавки и следење на нивната реализација.

4.1.2. При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на набавки и плаќање ревизијата констатира дека не се воспоставени соодветни интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од некомплетност, ненавременост и погрешни плаќања по основ на примената финансиска документација, што не е во согласност со одредбите од член 7 и член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и праксата на добро управување. Ваквата состојба предизвикува во известувачкиот период да се констатираат состојби на:

- отсуство на пишани процедури за движењето на финансиската документација и одобрување на истата од страна на одговорните лица на субјектот и јасно дефинирани надлежности и одговорности на вработените вклучени во процесот на набавки и плаќање;
- не е воспоставена пракса, по извршениот прием и прегледување на актите, да се врши нивно заведување во деловодник со доделување на архивски број и распоредување по организациони единици врз основа на План на архивски знаци;
- не е пополнето работното место – ликвидатор[8] за вршење на работите во функција на сметководствена, материјална, суштинска, формална и законска контрола на сметководствената документација за исплата, како и контрола на нејзината комплетност, поради што одговорниот

[4] Процес на јавни набавки ДП бр.03-429/11/8 од 02.09.2011 година;
[5] Упатство за јавни набавки ДП бр.02-209/11-3 од 01.11.2011 година.
[6] Постапките за доделување на договор за јавни набавки во 2011 година се спроведени во период јануари-август освен една постапка која е спроведена во декември 2011 година;
[7] Процес на јавни набавки за набавка на стоки/услуги/работи со проценета вредност до 5.000 евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ и Процес на јавни набавки за набавка на стоки/услуги/работи со проценета вредност до 20.000 евра во денарска противвредност;
[8] Согласно Правилникот за систематизација на работните места бр.03-111/2010-2 од 03.03.2010 година во рамки на секторот за финансиски прашања е предвидено работно место ликвидатор, но до денот на известувањето за извршената ревизија не е обезбедена согласност за вработување на наведеното лице;

сметководител со свој потпис на документите потврдува дека треба да се плати[9];

- не е обезбедено хронолошко и ажурно евидентирање на влезните фактури во книга за влезни фактури;
- не е воспоставена пракса добавувачите во издадените фактури да го наведуваат бројот на договорот врз основа на кој се врши набавката;
- не секогаш постои доказ за извршена контрола и потврдување на приемот на набавените стоки и услуги (мрежно поврзување, информатичка опрема, софтвер) и одобрување за плаќање од раководителот на субјектот или друго лице овластено за превземање на финансиски обврски;
- влезните фактури не се евидентираат и приложуваат кон налогот за книжење во моментот на создавање на обврската за плаќање односно истите се одложуваат надвор од деловните книги и се евидентираат и приложуваат во деловните книги во моментот на нивното плаќање.

Погоре наведените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Уредбата за канцелариско и архивско работење и Упатството за начинот и техниката на постапување со документираниот материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење, создава ризик од несоодветно постапување со документите што претставуваат основ за евидентирање на трансакциите во деловните книги и влијае на веродостојноста, точноста и комплетноста на презентираните податоци во финансиските извештаи.

Во текот на известувачкиот период раководителот на субјектот превземал извесни мерки за надминување на дел од утврдените состојби во насока на донесување на интерни акти Процес на плаќање[10] и Процес на книжење (евидентирање)[11] со цел комплетирање и контролирање на сметководствената документација, нејзино навремено и точно евидентирање во деловните книги и навремено плаќање на доспеаните обврски, кои не биле применети при набавките и плаќањата во 2011 година.

Во текот на вршење на ревизијата презентирани се:

- работна верзија на два нови интерни акти Процес на плаќање и Процес на превземање на финансиски обврски[12] кои до денот на известување од извршената ревизија не се усвоени;
- повеќе решенија за давање генерално овластување;

[9] Согласно одредбите од член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола меѓудругото контролите опфаќаат поделба на должностите на начин со кој нема да се дозволи едно службено лице во исто време да биде одговорно за одобрување, извршување, сметководство и контрола.
[10] Процес на плаќање ДП бр.03-429/11/4 од 02.11.2011 година;
[11] Процес на книжење (евидентирање) ДП бр.03-429/11/3 од 02.11.2011 година;
[12] Процесот на превземање на финансиски обврски се применува при контрола на фактурите и изготвување на листи за превземање на финансиски обврски започнувајќи од 01.09.2011 година согласно Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси ("Службен весник на РМ" број 147/10 и 34/11).

- повеќе решенија за внатрешна распределба на вкупно одобрениот буџет за 2012 година и
- повеќе известувања за листите за проверка.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе мерки за донесување/усвојување на наведените интерни акти, воспостави контролни постапки со јасно утврдени и разграничени надлежности и одговорности на вработените и да осигури нивна примена.

Раководителот на субјектот да го задолжи лицето одговорно за прием и архивирање на влезните документи да обезбеди заведување на применатата документација во деловодник со доделување на архивски број и распоредување по организациони единици врз основа на План на архивски знаци. Раководителот на субјектот да го задолжи одговорниот сметководител да обезбеди навремено, хронолошко и точно евидентирање на влезните документи (фактури) во деловните книги.

## 4.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.2.1. Од извршениот увид на расположливата документација од спроведениот попис на средствата, обврските и побарувањата за 2011 година, ревизијата констатира состојби кои не се во согласност со одредбите од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- Комисијата за попис не извршила разграничување и поодело прикажување во Извештајот за попис на обврските по поодделни сметки односно истите се искажани збирно за двете сметки на ниво на Државно правобранителство;
- постои неусогласеност помеѓу висината на неизмирените обврски презентирани во Извештајот за попис и податоците презентирани во финансиските извештаи со Прегледот на доспеани неизмирени обврски заклучно со месец декември 2011 година доставен до Министерството за финансии на ден 11.01.2012 година за износ од 1.374 илјади денари, наведената разлика произлегува од произволно утврдени обврски (без утврдување на фактичката состојба) спрема извршителите за постапување по одредени предмети;
- комисијата за попис не пристапила кон попишување на предметите[13] кои се наоѓаат во Државното правобранителство а со тоа не ги утврдило и

[13] Според податоците презентирани од Државното правобранителство, вкупниот број на предмети за месец април 2012 година изнесуваат 196.180 предмети додека за месец мај 196.262 предмети кое само по себе укажува на големината и обемот на

побарувањата и обврските кои произлегуваат од наведените предмети.
Утврдената состојба влијае на можноста од утврдување на реална и објективна вредност на побарувањата и обврските, квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака**
Раководителот на субјектот да превземе мерки за формирање на вонредна комисија која ќе изврши утврдување на фактичката состојба и воедно ќе обезбеди веродостојни и точни информации и непречено пренесување на предметите на Управата за јавни приходи.

**Биланс на приходи и расходи**

4.2.2. Согласно одредбите на член 17 од Законот за државното правобранителство во услови кога државниот правобранител ја застапува Република Македонија и за истото има позитивен исход од страна на надлежниот суд, се досудуваат трошоци за застапување од страна на државниот правобранител според Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите. Средствата наплатени на име трошоци за застапување треба да бидат приход на Буџетот на Република Македонија за што согласно одредбите на Упатството на начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи пропишана е посебна уплатна сметка[14]. Со извршената ревизија на начинот на евидентирање на досудените трошоци за застапување, начинот на нивната наплата, доделување на предметите на присилно извршување кај соодветните извршители, надоместување на трошоците на извршителите и нивниот поврат, превземање на предметите од извршителите и нивно предавање во надлежност на Управата за јавни приходи, ревизијата го констатира следното:

- државното правобранителство нема воспоставена билансна/вонбилансна евиденција за вкупните побарувања од странките (правни и физички лица) за кои надлежните органи со соодветен акт утврдиле трошоци за застапување како и за другите видови на надоместоци;
- државното правобранителство не располага со податоци за вкупните побарувања, за вкупно наплатените средства и за средствата кои остануваат ненаплатени;
- за странките кои не превземале активности за навремено подмирување на обврските спрема Република Македонија вклучувајќи ги и досудените трошоци за застапување од страна на државниот правобранител, Државното правобранителство воспоставило пракса ваквите предмети да ги предаде на надлежните извршители во соодветните подрачја.

[14] Уплатна сметка 840 – 6137 Надомест на трошоци за судска и прекршочна постапка, врска на приходна сметка 724132

Државното правобранителство нема воспоставена соодветна евиденција за бројот на предметите кои се наоѓаат кај извршителите и кај кој извршител колку предмети се во постапка;

- извршителите не воспоставиле соодветен систем на информирање на Државното правобранителство за бројот на предметите кои се во постапка, дали и во колкав износ се наплатени, што е превземено за нивна наплата и каква е извесноста за нивната целосна наплата;
- во известувачкиот период вкупно по овој основ на сметката 631 се наплатени средства во износ од 6.277 илјади денари кои треба да бидат приход на Буџетот на Република Македонија;
- за потврдување на комплетноста и точноста на уплатените средства од страна на ревизијата беше побарано од Државното правобранителство да презентира уредни и веродостојни документи (предмети) но, во најголем дел не беа презентирани бараните документи со што се изврши ограничување на делокругот на ревизијата.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за Државното правобранителство, Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи. Наведената состојба предизвикува потценување на приходите на Буџетот на Република Македонија и можност дел од потребните средства на име надомест на трошоци за застапување и други надоместоци да не бидат наплатени.

За погоре наведеното, одредени состојби утврдени од страна на ревизијата поместени се во ревизорскиот извештај за сметката на основен буџет (637).

За надминување на утврдената состојба и напуштање на праксата на наплата на досудените трошоци за застапување, од страна на државниот правобранител во корист на сметката на Државното правобранителство, на ревизијата и е презентиран извадок од заклучоци заведен под ДП бр.03-7/11-39 од 30.11.2011 година со кој државниот правобранител на Република Македонија им укажува на државните правобранители дека средствата од извршување треба да се уплатуваат на соодветната уплатна сметка пропишана за оваа намена која се распоредува во корист на Буџетот на Република Македонија. Но, со извршената ревизија на приходите на сметката 631 за 2012 година ревизијата констатира дека и понатаму се наплатуваат средства по овој основ во корист на Државното правобранителство.

На ден 06.07.2012 година државниот правобранител до Државниот завод за ревизија достави Известување за постапувањата во однос на извршителите со кое објаснува дека бил испратен допис до подрачните единици а подрачните единици до извршителите за обезбедување на потребните информации, при што меѓу другото наведува “Од страна на извршителите до подрачните единици не се доставени целосни информации согласно горе наведеното барање, од тие причини истите не се евидентирани во

сметководствената евиденција (се чекаше повратна информација од извршителите). Постои можност странката да го платила долгот и да дојде до двојна наплата. Извршителите за наплатените предмети од странката не доставуваат информација до Одделението за сметководство и плаќање во Државното правобранителство на Република Македонија“.

Ревизијата истакнува дека на ден 05.11.2010 година објавен е Законот за дополнување на Законот за даночна постапка, со што е проширено постапувањето на Управата за јавни приходи во делот на паричните казни односно глобите и трошоците изречени во парничните, прекршочните, кривичните и управните постапки во корист на Република Македонија и воедно детално е пропишан начинот на постапување на Државното правобранителство и пренесувањето на предметите во надлежност на Управата за јавни приходи кое поконкретно е уредено со Упатството за начинот на превземање на предметите донесено од надлежното министерство.

Според табеларниот преглед доставен од Државното правобранителство вкупниот број на предмети за месец мај 2012 година по кој постапува Државното правобранителство изнесува 196.262 предмети.

На ревизијата и се презентирани записници од комисиите за примопредавање на предметите помеѓу Државното правобранителство и Управата за јавни приходи.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да донесе процедура за начинот на постапување со предметите со која:

- ќе ги извести сите државни правобранители за начинот на постапување;
- ќе ги извести извршителите за начинот на превземање на предметите;
- ќе ги задолжи лицата одговорни за водење на деловните книги да ја утврдат фактичката состојба на побарувањето од извршителите и извршат евидентирање во деловните книги.

### 4.3. Користење на средствата согласно законски прописи

4.3.1. Со извршената ревизија на начинот на спроведување и реализација на постапките за доделување на договори за јавни набавки, ревизијата утврди дека од страна на Комисијата за јавни набавки во известувачкиот период се спроведени 13 постапки за доделување на договор за јавна набавка со барање за прибирање понуди без објавување на оглас и со објавување на оглас со вкупна проценета вредност од 2.961 илјади денари при што во дел од постапките, чија реализација во 2011 година изнесува 2.358 илјади денари (Прилог број 1) се констатирани следните состојби и тоа:

- годишниот план за јавни набавки за 2011 година[15] не е донесен во законски утврдениот рок, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки;
- во известувачкиот период, пред да бидат донесени планот за јавни набавки и аналитичкиот финансиски план, спроведени се 8 постапки и склучени се договори за јавна набавка со економските оператори со вкупна проценета вредност од 1.519 илјади денари, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки;
- не е извршена измена на одлуката за јавна набавка и ненавремено се обезбедени средства потребни за реализација на дел од договорите за јавна набавка (набавка на компјутери и печатари, фотокопирни апарати и услуга за интернет поврзување), кои се склучени со цена повисока од износот на обезбедени средства утврден во одлуката за јавна набавка. За надминување на констатираната состојба[16] комисијата за јавни набавки писмено се обратила до одделението за сметководство кое одговорило дека може со пренамена да се обезбедат средства за непречено да се изврши наведената набавка. Измената на финансискиот план и согласноста за пренамена на средствата од Министерството за финансии[17] се донесени подоцна;
- во одлуките за отпочнување на постапка за јавна набавка не се наведува изворот на обезбедени средства односно не се наведува од која сметка[18] ќе се изврши плаќањето/реализација на договорите за јавна набавка, што не е во согласност со член 28 од Законот за јавни набавки. Во известувачкиот период сите плаќања по основ на договорите за јавна набавка се реализирани од сметката на основен буџет (631);
- во дел од одлуките за спроведување на јавни набавки не се определува количината на предметот на набавка, што не е во согласност со член 28 од Законот за јавни набавки;
- во постапките со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас не се изготвува поедноставена тендерска документација[19] која треба да содржи податоци за техничките спецификации на предметот на договорот за јавна набавка, информации за начинот на подготовка и рокот за поднесување на понудите, како и документите кои треба да ги

[15] Годишен план за јавни набавки на Државно правобранителство на Република Македонија ДП бр.03-115/2011 од 09.03.2011 година, за прв пат донесен во известувачкиот период;

[16] При спроведување на постапките за доделување договор за јавна набавка од страна на комисијата за јавни набавки констатирано е дека најповолната прифатлива понуда согласно со условите на постапката е со цена повисока од износот на средства утврден во одлуката за јавна набавка.

[17] Договорите за јавна набавка се склучени во текот на месец февруари, а согласноста за пренамена од Министерството за финасии односно измената на финансискиот план се донесени на 10.10.2011 односно 20.10.2011 година;

[18] Сметка на основен буџет (637) и сметка на основен буџет (631);

[19] Воспоставена е пракса единствено во Поканата за доставување на понуда да се наведуваат податоци за подетален опис на предметот на набавката, количината на набавката, критериуми за набавката, рок за поднесување на понудата, податоци за тоа што треба да содржи понудата и други податоци;

достави економскиот оператор, чија понуда е избрана за најповолна со цел потврдување на неговата способност, што не е во согласност со член 101 од Законот за јавни набавки;
- во дел од склучените договори за јавни набавки, не се утврдени количините кои треба да се набават, а вкупната вредност на склучените договори е изразена во евра без вклучен ДДВ или воопшто не е утврдена, што не е во согласност со Правилникот за начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки;
- не е воспоставена пракса членовите на комисијата за јавна набавка да потпишуваат изјави за непостоење на судир на интереси, кои се составен дел од документацијата за соодветната постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 62 и член 173 од Законот за јавни набавки[20].

Во известувачкиот период реализирани се повеќе набавки на стоки и услуги без спроведување на постапки за доделување на договор за јавна набавка[21], кои кумулативно месечно надминуваат 500 евра во денарска противвредност без ДДВ, за кои одговорните лица во субјектот не воспоставиле соодветна евиденција и контрола.

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да ги превземе неопходните активности за надминување на утврдените состојби и обезбедување законско постапување при спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки, како и континуирано едуцирање на вработените за подготвување и спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупниот ефект од утврдената состојба предизвикува: недоследности во системот на контроли во процесот на доделувањето на договорите за јавни набавки како и во системот на контроли кај процесот на набавки и плаќања; недоследности во начинот на потврдување на доспеаните неизмирени обврски и нивно соодветно презентирање во финансиските извештаи; несоодветно постапување во делот на наплата на трошоците за застапување од страна на државниот правобранител и воспоставените односи помеѓу

[20] Во периодот на известување за извршената ревизија, на ревизијата и се доставени копии од изјави за немање на судир на интереси дадени во месец мај 2012 година што укажува дека Државното правобранителство ја надминало утврдената состојба;

[21] Поединечната вредност на набавките не надминува 500 евра во денарска противвредност без ДДВ.

Државното правобранителство и извршителите, остварување на приходи кои се приход на Буџетот на Република Македонија како и несоодветно постапување и одредени слабости во делот на доделувањето на јавните набавки.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2.1. и 4.2.2. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државното правобранителство на Република Македонија на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1.1.; 4.1.2.; 4.2.1.; 4.2.2. и 4.3.1. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Државното правобранителство на Република Македонија, во сите материјални аспекти, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 22.10.2012 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 7.039 | 7.449 |
| Трансфери и донации | 8.212 | 5.334 |
| **Вкупно приходи** | **15.251** | **12.783** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 5.862 | 4.097 |
| Субвенции и трансфери | 97 | 96 |
| **Вкупно тековни расходи** | **5.959** | **4.193** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 394 | 377 |
| **Вкупно капитални расходи** | **394** | **377** |
| **Вкупно расходи** | **6.353** | **4.570** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **8.898** | **8.213** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 8.984 | 8.269 |
| Побарувања од вработените | 10 | 9 |
| Активни временски разграничувања | 684 | 303 |
| Залихи | 9 | - |
| **Вкупно тековни средства** | **9.687** | **8.581** |
| **Вкупна актива** | **9.687** | **8.581** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 664 | 265 |
| Краткорочни финансиски обврски | 20 | 37 |
| Пасивни временски разграничувања | 8.994 | 8.279 |
| **Вкупно тековни обврски** | **9.678** | **8.581** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 9 | - |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **9** | **-** |
| **Вкупна пасива** | **9.687** | **8.581** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО

НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДП бр. 02-477/11-2

03.10.2012 год.

С К О П Ј Е

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 04.10.2012
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
13-119/11

ДО

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Главен државен ревизор

м-р Тања Таневска

С К О П Ј Е

ПРЕДМЕТ: Известување по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и на ревизијата за усогласеност на Државното правобранителство на Република Македонија за 2011 година за сметките на основен буџет 637 и 631

**ВРСКА**: Ваш бр.13-119/9 од 05.09.2012 година

Согласно Вашиот допис под горниот број и дата по однос Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и на ревизијата за усогласеност на Државното правобранителство на Република Македонија за 2011 година за сметките на основен буџет 637 и 631, Државниот правобранител на Република Македонија, со овој допис, Ве известува за се што е превземено од страна на Државното правобранителство на Република Македонија , а по однос на дадените состојби и дадените препораки.

Во делот на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година на Државното правобранителство на Република Македонија за сметка на основен буџет 637 под точка 4.1 Усогласеност со закони и прописи, подточка 4.1.1.

Од страна на Државниот правобранител на Република Македонија на ден 13.09.2010 година е доставен допис до сите подрачни единици за склучување на договор за комунални услуги. Од страна на Државно правобранителство за подрачје Гостивар има пратено три дописи (ургенции) до претседателот на судот за склучување на договор за комунални трошоци. Заклучно со овој период нема повратна информација од судот. Од тие причини нема можност за склучување на договор.

**Прилог:** ДП 03-45/10 од 16.09.2010 година, 10.03.2010год, и 22.06.2010 година .

Подарчје Кичево известува дека трошоците за комуналии ги сноси Основен суд Кичево во чии простории е сместено Државното правобранителство за подрачје Кичево и Основното Јавно Обвинителство Кичево и одговара дека не се побарани трошоци за комунални услуги.

**Прилог;** Известие Р бр.09-29/2010 од 15.09.2010 година на ДП Кичево

Подрачје Охрид известува дека не е склучен Договор и не пристигнуваат фактури

**Прилог:** Известување од Државно правобранителство подрачје Охрид Р бр.09-26/10 од 21.09.2010 година

За горе наведените подрачни единици од страна на судовите каде е сместено Државно правобранителство нема интерес за склучување на договори.Од тие причини не се склучени останатите договори.

**По однос на дадената препорака во овој дел укажуваме дека Државниот правобранител на Република Македонија , повторно со ургенции ќе се обрати до претседателите на Основните судови Велес, Тетово, Кочани , Гостивар, Кичево, Охрид и Струга за склучување на соодветни договори по однос на комуналините трошоци. За подрачје Битола ќе се задолжи надлежниот Државен правобранител за подрачје Битола да превземе активности за склучување на договори со соодветните правни лица.**

Во делот на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година на Државното правобранителство на Република Македонија за сметка на основен буџет 637 под точка 4.1 Усогласеност со закони и прописи, подточка 4.1.2. и дадената препорака и под точка 4.2. Финансиски извештаи подточка 4.2.1. и дадената препорака

Државното правобранителство на Република Македонија по однос на објектот кој го користи подрачје Скопје во Македонската радио телевизија повторно се обрати до Владата на Република Македонија -Служба за општи и заеднички работи да биде превземена активност за исправка на Одлуката за престанок и давање на користење на дел од недвижни ствари бр.19-2947/1 од 19 јуни 2006 година под член 2 став 1 алинеја 2, во поглед на утврдување на точната површина која ја користи Државното правобранителство на Република Македонија и истовремено се обрати до Агенцијата за катастар на недвижности да биде издаден Имотен лист за недвижност запишана со Потврда за делумно запишување на промена во катастарот на недвижностите бр.1112-9717/2011 од 19.09.2011 година, со која е извршено делумно запишување на промена во катастарот на недвижностите во КО Центар 1 по

пријава на Државното правобранителство на Република Македонија, 0000001-Скопје заведена под бр.1112-9717/2011 од 21.05.2011 година.

По однос на објектот во Прилеп со допис ДП бр.553/10 од 19.07.2012 година до Агенцијата за катастар на недвижности Прилеп доставено е согласно член 88 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи податоци за сметководствена вредност на административно деловниот објект

Прилог; Дописи ЈП бр.25/03 и ДП бр.03-551/10-2 од 20.09.2012 година, ДП бр.03-551/10-3 од 20.09.2012 година и допис ДП бр.553/10 од 19.07.2012 година

**Во делот на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година на Државното правобранителство на Република Македонија за сметка на основен буџет 637 под точка 4.2 Финансиски извештаи, подточка 4.2.2. и дадената препорака**

Државниот правобранител на Република Македонија донесе Одлука за формирање на Централна комисија за попис во Државното правобранителство на Република Македонија и за формирање на Комисии за попис за подрачјата на Државното правобранителство на Република Македонија ДП бр 02-408/12 од 27.09.2012 год., во која согласно препораките дадени се задолженија за пописните комисии во точка 20.

Прилог; Одлука за формирање на Централна комисија за попис во Државното правобранителство на Република Македонија и за формирање на Комисии за попис за подрачјата на Државното правобранителство на Република Македонија ДП бр 02-408/12 од 27.09.2012 год

**Во делот на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година на Државното правобранителство на Република Македонија за сметка на основен буџет 637 под точка 4.2 Финансиски извештаи, подточка 4.2.3. и дадената препорака**

Донесена е Одлука за назначување на лице за одобрување на издавање на канцелариски материјал во Државното правобранителство на Република Македонија ДП бр.02-325/12 од 17.07.2012 година и Одлука ДП бр.03-191/11-2 од 21.09.2012 година со која е задолжено лицето кое врши прием и издавање на канцелариски материјал секој издаден реверс, пред предавање на материјалот да го даде на лицето за одобрување на издавање на канцелариски материјал во Државното правобранителство на Република Македонија, па по добиеното одобрување материјалот да го предаде.

По однос на констатацијата дека за издавањето на материјалите од магацинот не се изготвува соодветен документ одобрување од раководно лице односно друго овластено лице со што ќе се потврди видот и количината на потребните материјали кои се издаваат-утрошок, Ви укажуваме дека оваа постапка се спроведува во целост, за што прилагаме примерок од утрошок.

По однос на следење на состојбата на маслото за греење екстра лесно (примена, потрошена и расположива количина) Ве известуваме дека со оглед да во местата каде се користи нафта, се во заедничка употреба на сите корисници на просториите, нема можност за мерење и следење на истата, а со тоа и вршење на попис на состојбата на 31 декември.Напоменуваме дека во просториите во Битола има 4 корисника, во просториите во Гостивар 3 корисника, а во Кавадарци 2 корисника.

Прилог; Одлука за назначување на лице за одобрување на издавање на канцелариски материјал во Државното правобранителство на Република Македонија ДП бр.02-325/12 од 17.07.2012 година и Одлука ДП бр.03-191/11-2 од 21.09.2012 година и пример од утрошок

**Во делот за Резултати од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр.1003-729/9 од 2007 година за Државното правобранителство на Република Македонија под точка 10.1.2.** дека не е воспоставен систем на дневно евидентирање на полното работно време за вработените во подрачјата на Државното правобранителство на Република Македонија и недостаток на дневни листи за присуство/отсуство на вработените во подрачјата на Државното правобранителство на Република Македонија, Државниот правобранител на Република Македонија донесе Одлука ДП бр.02-300/2012 од 29.06.2012 година со која се воведува електронско евидентирање на полното работно време и на прекувремената работа за подрачје Скопје , како и воведување на книга на месечен преглед со дневна евиденција за присуство и отсаство на работа за сите вработени лица во соодветното подрачје. За донесената Одлука известени се сите подрачја на Државното правобранителство на Република Македонија, со допис ДП бр.02-300/2012-1 од 29.06.2012 година при што доставен е и урнек од Книгата на месечен преглед со дневна евиденција како што се води за подрачјето Скопје. Сите подрачја по донесување на наведената Одлука доставуваат редовно месечен преглед со дневна евиденција за присуство и отсаство на работа за сите вработени лица во соодветното подрачје

ПРИЛОГ: Одлука ДП бр.02-300/2012 од 29.06.2012 година на Државниот правобранител на Република Македонија, допис ДП бр.02-300/2012-1 од 29.06.2012 година и копие од месечен преглед со дневна евиденција за присуство и отсаство на работа за сите вработени лица во соодветното подрачје за сите подрачја за месец август 2012 година

**Во делот за Резултати од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр.1003-729/9 од 2007 година за Државното правобранителство на Република Македонија под точка 10.2.2.**

Во поглед на наодот за посебна книга за влезни фактури, напоменуваме дека во ДПРМ постои приемна книга за прием на сите пратки (пошта) било да е доставена по пошта препорачано или на рака во

приемното Одделение. Во таа книга се заведуваат сите фактури кој се доставени до ДПРМ, заведени под реден број кој доставува, и постои графа кој ги прима истите (Одделение за сметководство и плаќање).По приемот во приемна книга , истите се запишуваат во интерна книга за задолжување заведени под реден број , графа за датум на прием, број на предметот и потврда со потпис за прием од одговорното лице.Во иднина одговорното лице за прием ќе биде задолжено да и покрај редниот број на ДПРМ да биде запишуван и бројот на доставената фактура.

Во делот за Резултати од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр.1003-729/9 од 2007 година за Државното правобранителство на Република Македонија под точка 10.3.2.

Ве известуваме дека е започнато со евидентирање на обврските во моментот на пристигнување.

**ПРИЛОГ**:спецификација 220000-Добавувачи во земјата и спецификација 246700-Други обврски спрема вработени

Во делот на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година на Државното правобранителство на Република Македонија за сметка на основен буџет 631 под точка 4.1 Усогласеност со закони и прописи, подточка 4.1.1.

Државното правобранителство на Република Македонија со Решение ДП бр.04-514/11-4 од 27.01.2012 година има определено лице за јавни набавки и дека истото лице се има здобиено со Сертификат со Известување по е-маил за положен испит-од Биро за јавни набваки на датум 09.05.2012 година.

**ПРИЛОГ**: Решение ДП бр.04-514/11-4 од 27.01.2012 година и Известување по е-маил за положен испит-Сертификат од Биро за јавни набваки на датум 09.05.2012 година.

Во делот на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година на Државното правобранителство на Република Македонија за сметка на основен буџет 631 под точка 4.1 Усогласеност со закони и прописи, подточка 4.1.2.

Со листа за превземање на финансиски обврски и листа за плаќање а, по претходна контрола од страна на вработен се врши контрола на фактурата за плаќање, односно едно лице не е одговорно за одобрување, извршување, сметководство и контрола.(имплементација на Закон за јавна внатрешна финансиска контрола)

Усвоени се Процес на плаќање и Процес на превземање на финансиски обврски .

Исто така укажуваме дека во Државното правобранителство на Република Македонија се усвоени и Попис на работни процеси ДП бр.03-478/11 од 24.07.2012 година и тоа: Процес на обука, Процес на изготвување на правилник за систематизација и правилник за внатрешна организација, Процес на вработување, Процес на оценување и Процес на изготвување решенија.

Напоменуваме дека согласно Заклучок на Владата на Република Македонија од Осумдесет и шесттата седница на Владата на Република Македонија одржана на 25.09.2012 година бр.41-6757/1, околу статусот на реализација на воведување на ИСО 9001-2008 во јавните институции, задолжени се органите на државната управа, кои немаат започнато постапка за сертификација на ИСО 9001-2008 , меѓу кои и Државното правобранителство на Република Македонија, во рок од две недели да ја започнат постапката со средства од својот буџет, па во оваа насока Ве известуваме дека ќе се отпочне со постапка за воведување на ИСО 9001-2008.

Во поглед на наодот за посебна книга за влезни фактури, напоменуваме дека во ДПРМ постои приемна книга за прием на сите пратки (пошта) било да е доставена по пошта препорачано или на рака во приемното Одделение. Во таа книга се заведуваат сите фактури кој се доставени до ДПРМ, заведени под реден број кој доставува, и постои графа кој ги прима истите (Одделение за сметководство и плаќање).По приемот во приемна книга , истите се запишуваат во интерна книга за задолжување заведени под реден број , графа за датум на прием, број на предметот и потврда со потпис за прием од одговорното лице.Во иднина одговорното лице за прием ќе биде задолжено да и покрај редниот број на ДПРМ да биде запишуван и бројот на доставената фактура.

Влезните фактури се евидентираат во момент на создавање на обврска за плаќање

**Прилог:** Листа за плаќање и Листа за проверка за превземена финансиска обврска за стоки и услуги и Фактура бр.300431/2012 од Цилас за поправка и одржување на возила , Копија од спецификација на конто 246700 Обврски спрема вработени, Процес на плаќање и Процес на превземање на финансиски обврски, Попис на работни процеси ДП бр.03-478/11 од 24.07.2012 година и тоа: Процес на обука, Процес на изготвување на правилник за систематизација и правилник за внатрешна организација, Процес на вработување, Процес на оценување и Процес на изготвување решенија, Извадок од Нацрт-записник од Осумдесет и шесттата седница на Владата на Република Македонија одржана на 25.09.2012 година бр.41-6757/1

Во делот на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година на Државното правобранителство на Република Македонија за сметка на основен буџет 631 под точка 4.2 Финансиски извештаи, подточка 4.2.1. и дадената препорака и подточка 4.2.2. и дадената препорака

На ден 14.09.2012 година е одржан состанок во просториите на Државно правобранителство на Република Македонија подрачје Скопје.

На овој состанок се укажа на наодот од ревизијата на стр. 9 точка 4.2.1. од нацрт извештајот за сметка 631 каде се констатира дека постои неусогласеност помеѓу висината на неизмирените обврски презентирани во Извештајот за попис и податоците презентирани во финансиските извештаи со прегледот на доспеани неизмирени обврски заклучно со месец декември 2011 година доставени до Министерство за финансии за износ од 1.374.000,00 денери. За надминување на постоечката состојба е формирана вонредна комисија за утврдување на фактичка состојба и обезбедување веродостојни и точни информации.

Од страна на присутните се истакна дека во најголем дел неусогласеноста произлегува од неевидентирани обврски спрема извршител Зоран Стоилов од Кочани, како и од други извршители од останатите подрачја на Државно правобранителство.

Во прилог на горе наведеното Ви доставуваме фотокопија од Записник од одржан состанок на ден 14.09.2012година ДП бр. 02-477/11 од 17.09.2012година.

На состанокот е констатирано да се договори состанок со извршителот Зоран Стоилов како би се прегледале предметите и би се утврдил реалниот долг доколку го има.

Согласно препораката на овластениот државен ревизор за формирање на Вонредна комисија , на ден 18.09.2012 год. донесена е Одлука за формирање Вонредна комисија за утврдување на фактичка состојба и обезбедување веродостојни и точни информации во врска со висината на неизмирени обврски спрема извршителите ДП бр.02-390/12.

**Прилог:** Записник од одржан состанок на ден 14.09.2012година ДП бр. 02-477/11 од 17.09.2012година ,Одлука ДП бр. 02-390/12 од 18.09.2012 година за формирање Вонредна комисија за утврдување на фактичка состојба и обезбедување веродостојни и точни информации во врска со висината на наеизмирените обврски спрема извршителите.

Вонредната комисија на работната средба со извршителот Зоран Стоилов констатира дека по сите предмети за кој се доставени фактури,извршителот долгот го наплатил од должинците, па се донесе заклучок доставениите фактури за наплата да бидат повлечени со напомена дека долгот е наплатен од должинците како и трошоците направени во постапката. Паричните средства се уплатени во Буџетот на Република Македонија. За извршениот поврат на паричните средства од извршителите во Буџетот на Република Македонија Државно правобранителство на Република Македонија нема увид, од причина што извршителите не доставуваат доказ за извршената уплата .

**Прилог:** Враќање на фактури од 21.09.2012година

Врз основа на дописот ДП бр.02-390/12 од 21.09.2012година со кој се вратени фактурите, од страна на Извршителот Зоран Стоилов е доставен допис по кој укажува дека до Државно правобранителство за подрачје

Кочани доставени се списоци за извршени наплатени ИКР, ИПРК предмети од должникот а, паричните средства се уплатени на сметка на Буџет на Република Македонија, па согласно овие списоци фактурите кои ги враќа Државно правобранителство на Република Македонија Извршителот Зоран Стоилов , именуван за подрачје на Основен суд Берово, Делчево, Кочани и Виница, ги повлекува.

**Прилог:** Известување од Извршител Зоран Стоилов од 21.09.2012година.

За подрачје Кавадарци за Извршител Љупчо Јованов именуван за подрачјето на Основните судови Кавадарци, Неготино, Велес и Гевгелија, добиен е поднесок бр. 247-03/2012 од 25.09.2012година со кој ги повлекува про-фактурите доставени до Државно правобранителство на Република Македонија каде наведува дека истите нема да бидат предмет на наплата.

**Прилог:** Поднесок бр;247-03/2012 од 25.09.2012 година.

На ден 25.09.2012година формирана е Вонредна комисија ДП 02-390/12-1 од 25.09.2012 година за утврдување на фактичка состојба и обезбедување веродостојни и точни информации во врска со висината на неизмирените обврски спрема извршител Драган Кочовски именуван за подрачје на Основните судови Велес, Кавадарци, Неготино и Гевгелија.

**Прилог:** Одлука ДП бр. 02-390/12-1 од 25.09.2012година

По извршената контрола од страна на вонредната комисија кај извршител Драган Кочовски истиот доставува поднесок на ден 26.09.2012 година до Државно правобранителство на Република Македонија каде објаснува дека поголемиот дел од нив се наплатени од страна на должинците и про-фактурите се повлекуваат.а, доколку има реален долг ќе бидат изготвени нови фактури и истите ќе бидат предмет на наплата.

**Прилог:** Поднесок од Извршител Драган Кочовски од 26.09.2012година.

Од Извршителот Весна Јакимовска именувана за подрачјето на Основните судови Гостивар и Кичево, добиено е известување дека за голем број предмети трошоците се наплатени од самиот должник. За тие предмети добиено е известување дека истите се повлекуваат.

**Прилог:** Известување од Извршител Весна Јакимовска од 26.09.2012 година.

Од Извршителот Станка Кулакова од Штип добиено е известување дека ги повлекува фактурите или профактурите доставени до Државното правобранителство на Република Македонија и укажува дека истите нема да бидат предмет на наплата.

Прилог: Известување од Извршител Станка Кулакова од Штип од 02.10.2012 година

Од горе наведеното произлегува дека трошоците за администрирање се наплатени од должниците што значи дека Државно правобранителство на Република Македонија заклучно со 31.12.2011 година нема обврска за плаќање и евидентирање во сметководствена евиденција по однос на извршителите.

Во делот на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година на Државното правобранителство на Република Македонија за сметка на основен буџет 631 под точка 4.3 Користење на средствата согласно законски прописи, подточка 4.3.1. и дадената препорака

Во врска со констатацијата дека во Одлуките за отпочнување на постапка не се наведува сметка од која ќе се изврши плаќањето на договорите за јавна набавка, Ви укажуваме дека Државното правобранителство на Република Македонија во Одлуката за набавка ДП бр. 02-380/2012-1 од 07.09.2012 година има наведено од која смтека која ќе се изврши плаќањето на договорите за јавна набавка.

ПРИЛОГ: Одлука за набавка ДП бр. 02-380/2012-1 од 07.09.2012 година

Во врска со констатацијата дека годишниот план за јавни набавки за 2011 не е донесен во законски утврдениот рок, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки, Ви укажуваме дека во 2012 година годишниот план за јавни набавки за 2012година е донесен во законски утврден рок и сите јавни набавки се реализирани согласно Годишен план за јавни набавки ДП бр.02-31/2012-1 од 18.01.2012 година и измена на годишен план за јавни набавки ДП бр.02-31/2012-2 од 12.06.2012година.

ПРИЛОГ : Фотокопија од годишен план за јавни набавки за 2012 година ДП бр.02-31/2012-1 од 18.01.2012 година и измена на годишен план за јавни набавки ДП бр.02-31/2012-2 од 12.06.2012година.

Во врска со констатацијата дека во дел од склучените договори , не се утврдени количините кои треба да се набават Ви напоменуваме дека во спреведената јавна набавка за набавка на услуга за печатење и укоричување на службени весници, Државното правобранителство во делот на вредноста за набавка до 5000 евра во денарска противвредност, набавката е сукцесивна ( по нарачка), од причини што не може да предвиди колку предмети ќе бидат примени во тековната година и колку папки (влошки за предмети) треба да се набават .

Во поглед на констатацијата за едуцирање на вработените за подготвување и спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки Ве известуваме дека Обуките на тема Јавни Набавки спагаат во групата на генерички обуки, што значи дека ги организира Министерството за информатичко општество и администрација и ги

спроведува заедно во соработка преку ангажирање на предавачи од Бирото за јавни набавки. Од Државното правобранителство на Република Македонија по добиена покана за тие обуки редовно се присуствувало и тоа:

- 30.09.2010 г. Конзистентна примена на Закон за Јавни Набавки
- 17.03.2011 г. Закон за Јавни Набавки
- 16.03.2012 г. Закон за Јавни Набавки во организиација на Агенција за администрација и Министерство за инфорамтичко општество
- 14.12.2011 Закон за Јавни Набавки во организација на Македонија Биро
- 02.04-06.04.2012 г. Едукација за Јавни Набавки во организација на БЈН

Со оглед на сето погоренаведено сметаме дека Државното правобранителство на Република Македонија ги има превземено сите активности и има постапено по сите препораки наведени во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и на ревизијата за усогласеност на Државното правобранителство на Република Македонија за 2011 година за сметките на основен буџет 637 и 631.

Благодариме на соработката.

Изработиле:
**Самостоен референт -Координатор на архивари**
Љупчо Маневски
**Советник за буџетска координација**
Илинка Јуруковска-Стегњаја
**Советник за обука,вработување и мотивација**
Јулијана Маневска
**Помлад соработник за јавни набавки**
Шеназије Мустафаи
**Самостоен референт-Сметководител**
Еметула Мемед
**Виш референт-Благајник**
Весна Цветковска
**Раководител на одделение за организациски развој**
Лидија Штерјова
**Државен советник**
Андријана Сливоска

*ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ*
*НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
*ОЛИВЕРА КИТАНОВА-МИЦЕВСКА*

**Прилог 3**

**Одговор**
**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

Државниот правобранител на Република Македонија на ден 04.10.2012 година достави забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година (сметка на основен буџет 631) заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-119/8.

Овластениот државен ревизор ги разгледа Забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатените забелешки на **точката 4.1.1** кои се однесуваат на утврдената состојба на системот на интерни контроли на процесот на доделување на договори за јавни набавки и следење на нивната реализација **претставуваат известување** за превземени мерки за надминување на дел од утврдените состојби односно за назначување на лице "помлад соработник за јавни набавки" како и тоа дека истото во текот на 2012 година се стекнало со "Потврда за положен испит за лице за јавни набавки".

2. Упатените забелешки на **точката 4.1.2.** кои се однесуваат на утврдените состојби за системот на интерни контроли кај процесот на набавки и плаќања **претставуваат известување** за превземените активности за надминување на дел од утврдените состојби. Во прилог на забелешките раководителот на субјектот достави поголем број на интерни акти меѓу кои и "Процес на превземање на финансиски обврски" заведен под број ДП 03-429/11/9 без наведен датум на негово донесување и "Процес на плаќање" заведен под број ДП 03-429/114-1 без наведен датум на негово донесување поради што ревизијата не можеше да се произнесе за статусот на превземените активности и нивно обелоденување во Конечниот извештај.

3. Упатените забелешки на **точката 4.2.1** кои се однесуваат на неусогласеноста помеѓу висината на неизмирените обврски презентирани во Извештајот за попис и податоците презентирани во финансиските извештаи со Прегледот на доспеани неизмирени обврски заклучно со месец декември 2011 година како и на утврдените состојби во **точката 4.2.2.** кои се однесуваат на начинот на евидентирање на досудените трошоци за застапување, начинот на нивната наплата, доделување на предметите на присилно извршување кај соодветните извршители, надоместување на трошоците на

извршителите и нивниот поврат, превземање на предметите од извршителите и нивното предавање во надлежност на Управата за јавни приходи **претставуваат известување** за превземени активности. Раководителот на субјектот достави “Записник и заклучоци“ од одржаниот состанок во Државното правобранителство на Република Македонија на 14.09.2012 година, две одлуки за формирање на Вонредни комисии за утврдување на фактичка состојба и обезбедување веродостојни и точни информации во врска со висината на неизмирените обврски спрема извршителите заклучно со 30.09.2012 година[1] и пет поднесоци/известувања[2] од извршители за повлекување на фактурите/про-фактурите за наплата од Државното правобранителство.

4. Упатените забелешки на **точката 4.3.1.** кои се однесуваат на утврдените состојби на начинот на спроведување и реализација на постапките за доделување на договори за јавни набавки **претставуваат известување** за превземените активности за надминување на дел од утврдените состојби. Раководителот на субјектот достави повеќе интерни акти меѓу кои “Одлука за јавна набавка“ ДП бр. 02-380/2012-1 од 06.09.2012 година, Годишен план за јавни набавки за 2012 година ДП бр. 02-31/2012-1 од 18.01.2012 година и Годишен план за јавни набавки за 2012 година по ребаланс ДП бр. 02-31/2012-2 од 12.06.2012 година со кои ги потврдува дел од превземените активности.

Скопје, 12.10.2012 година

---

[1] Со Одлука ДП бр.02-390/12 од 18.09.2012 година формирана е Вонредна комисија за утврдување на фактичка состојба и обезбедување веродостојни и точни информации во врска со висината на неизмирените обврски спрема извршителите. Со Одлука ДП бр.02-390/12-1 од 25.09.2012 година формирана е Вонредна комисија за утврдување на фактичка состојба и обезбедување веродостојни и точни информации во врска со висината на неизмирените обврски спрема извршителите за подрачје Велес.

[2] Известување од извршител за подрачје Кочани од 21.09.2012 година; Поднесок број 247-03/2012 од 25.09.2012 година од извршител за подрачје Кавадарци (именуван за подрачјето на Основните судови Кавадарци, Неготино, Велес и Гевгелија); Поднесок од 26.09.2012 година од извршител именуван за подрачје на Основните судови Велес, Кавадарци, Неготино и Гевгелија; Известување од 26.09.2012 година од извршител именуван за подрачјето на Основните судови Гостивар и Кичево и Известување од 02.10.2012 година од извршител од Штип.